Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 април 2022 година

Скопје, април 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 април 2022 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Алдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц.д-р Владимир Рендевски, заменик на министерот за здравство, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, како и Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија, како и Елвис Мемети од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 23-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 март 2022 година**
- **Усвојување на Записникот од 35-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 март 2022 година**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија
- Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија

1. Информација во врска со примената на членот 36-а став 1 од Законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции

2. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и Предлог-одлука за продажба на движна ствар ( ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Неготино)

3. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија ( КП. бр. 19554/1 КО Куманово У 03-240/1)

5. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП.бр.51/1, КП.бр 52 и КП.бр 234/1 сите за КО Режановце)

6. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог-одлуки

7. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Бејадин Освалд ул. Рифат Бурџевиќ бр.41 Чаир – Скопје, со Предлог-одлука

8. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.143 со придружни објекти КО Елово, КО Цветово и КО Црн Врх, Општина Студеничани, со Предлог-одлука

9. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружение Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“- Република Македонија

10. Информација за усвојување на План - протокол за прифаќање, згрижување и сместување, како и регулирање на статусот на лица кои од Украина ќе допатуваат во Република Северна Македонија како последица на воените дејствија и лица кои се затекнале на територија на Република Северна Македонија од 24 февруари 2022, а кои заради безбеносна состојба не се во можност да се вратат во Украина

11. Информација за добивање согласност за спроведување постапки за јавни набавки на мебел за опремување на новозакупените празни простории во Виена наменети за претстојното претседавање на Република Северна Македонија со ОБСЕ и набавка на најнеопходните возила за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, како и за реализцијата на капиталните расходи за потреби на Министерството за надворешни работи и дипломатско-конзуларните претставништва во услови на антикризни мерки

12. Информација за Комбинираниот единаесетти, дванаесетти, тринаесетти и четиринаесетти периодичен извештај на Република Северна Македонија по Меѓународната конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација, со предлог - текст на Извештај

13. Информација за Преглед на статус на имплементација на Глобалниот компакт за миграција (ГКМ) во Република Северна Македонија, со Преглед

14. Информација за преземање на општи мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, Митови против Република Македонија А.бр.53565/13 од 16 април 2015 година и Олури против Република Северна Македонија А.бр.3368/18 од 16 јануари 2020 година

15. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Јовановски против Република Северна Македонија А.бр.30244/18, со Предлог-одлука

16. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Милевски против Република Северна Македонија А.бр.53229/17, со Предлог-одлука

17. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Чали против Северна Македонија А.бр.2804/17, со Предлог-одлука

18. Информација за давање согласност за продажба на движни ствари-моторни возила сопственост на Министерство за правда, со Предлог-одлука

19. Информација за мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите со предлог институции за 2022 година

20. Предлог-програма за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2022 година

21. Предлог-одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2022 година

22. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ - Скопје

23. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ - Скопје

24. Информација за одложување на примена на новите методологии за распределба на блок дотации за основно и средно образование по општини во 2022 година

25. Информација за подготвениот Деветти извештај за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба, со нов текст на Деветти извештај

26. Информација за имплементација на Работниот план за преглед на занимања 2018-2021 години и Работниот план за преглед на занимања 2022-2026 година

27. Предлог-закон за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка (поднесен од Димитар Апасиев и Борислав Крмов )

28. Барање за давање на автентично толкување на член 134 став (6), а во врска со ставовите (3), (4), (5) и (7) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Миле Лефков

29. Барање за давање на автентично толкување на член 44 став (5) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани

30. Иницијатива доставена од Народен правобранител на Република Северна Македонија за преземање мерки за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Северна Македонија, со внесување на одредба со која ќе се додели правото на користење на годишен регрес на вработените во јавниот сектор

31. Кадровски прашања

32. Прашања и предлози

33. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

34. Извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2021 година и Годишен план за работа на Советот за образование на возрасни за 2022 година

35. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година

36. Предлог-програма за спроведување на Интервентен фонд за земјоделството

37.Информација за клучни достигнувања, заложби и координација во спроведувањето на Стратегијата за Роми 2022-2030 година

38. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово за спроведување специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита на секундарно ниво од областа на градната хирургија

39. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на нуклеарната медицина

40.Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година

41. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Гевгелија за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на медицината на трудот

42. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Гевгелија за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на дерматовенерологијата

43. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година

44. Информација за потребата од донесување на Годишниот план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2022 година, со Предлог-годишен план

45. Предлог-одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

46. Предлог-закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка

47. Предлог-закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка

48. Иницијатива доставена од политичката партија Достоинство

49. Предлог-програма за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2022 година

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Дваесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 март 2022 година и Записникот од Триесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 март 2022 година.

*

*        *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ информираше дека во врска со придонесот на Република Северна Македонија кон Годишниот извештај на Европската Унија, одредени институции се уште го немаат доставено својот инпут до Секретаријатот за европски прашања и потребно е истите веднаш да го достават до Секретаријатот за европски прашања, со цел Секретаријатот за европски прашања да ги состави на време во форма на Извештај, да го предложи на седница на Влада за да биде усвоен како официјален одговор на нашиот придонес кон извештајот на Европската комисија и потоа да го достави до Европската комисија, заклучно со 20 април 2022 година.

За таа цел, Владата заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски (за инфраструктурни проекти во делот на економските критериуми), Министерството за труд и социјална политика (за неформална економија во делот на економските критериуми), Министерството за економија (за поглавје 15 - енергетика и за поглавје 30 - надворешни односи), Министерството за образование и наука (за поглавје 25 – наука и истражување и поглавје 26 – образование и култура), Министерството за надворешни работи (за поглавје 31- заедничка надворешна и безбедносна политика), најдоцна до 7 април 2022 година (четврток), до Секретаријатот за европски прашања на македонски и англиски јазик да го достават својот инпут за придонесот кон Годишниот извештај на Европската Унија.

2. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори и инвестиции (за економски критериуми), Министерството за правда (за поглавје 23 – правосудство и темелни права), Министерството за образование и наука (за поглавје 3 – право на основање и слобода на давање на услуги), Министерството за животна средина и просторно планирање (за поглавје 27 – животна средина) и се укажува на Државната изборна комисија (во делот на демократија), најдоцна до 7 април 2022 година (четврток), до Секретаријатот за европски прашања на англиски јазик да го достават својот инпут за Придонесот кон годишниот извештај на Европската Унија за процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

- Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија

Министерот за финансии, ги информираше членовите на Владата за степенот на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со примената на членот 36-а став 1 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни консултации помеѓу Министерството за здравство и Агенцијата за лекови и медицински средства.

**Точка 2**

Владата ги донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и новиот текст на Одлуката за продажба на движна ствар, во предложените текстови.

**Точка 3**

Владата по Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП.бр. 19554/1 КО Куманово У 03-240/1), во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП.бр.51/1, КП.бр. 52 и КП.бр. 234/1 сите за КО Режановце), во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово;
2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново-Облешево;
3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево;
4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карбинци;
5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани;
6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонска Каменица;
7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пехчево;
8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип;
9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип;
10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе;
11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница;
12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зрновци;
13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово;
14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка;
15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово;
16. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково;
17. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце и
18.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Старо Нагоричане, со заклучок текстот на истите редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 7

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Бејадин Освалд ул.Рифат Бурџевиќ бр.41 Чаир – Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со заклучок текстот на истата да се усогласи со Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.143 со придружни објекти КО Елово, КО Цветово и КО Црн Врх, Општина Студеничани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Маркова со реф.бр.143 со придружни објекти КО Елово, КО Цветово и КО Црн Врх, Општина Студеничани, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружение Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“-Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за усвојување на План – протокол за прифаќање, згрижување и сместување, како и регулирање на статусот на лица кои од Украина ќе допатуваат во Република Северна Македонија како последица на воените дејствија и лица кои се затекнале на територија на Република Северна Македонија од 24 февруари 2022 година, а кои заради безбедносна состојба не се во можност да се вратат во Украина.

Истовремено, Владата формира работна група во следниот состав: Министерство за надворешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за финансии, Министерство за образование и наука, Црвен крст на Република Северна Македонија, Центар за управување со кризи, која ќе го разгледа прашањето од сите аспекти и за наредна седница на Владата да достави информација со соодветни предлози во врска со ова прашање. Исто така, да се имаат предвид искуствата од други држави при справување со вакви ситуации, како и претходните искуства на Република Северна Македонија со косовската бегалска криза и кризата од војната во Босна и Херцеговина.

**Точка 11**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за добивање согласност за спроведување постапки за јавни набавки на мебел за опремување на новозакупените празни простории во Виена наменети за претстојното претседавање на Република Северна Македонија со ОБСЕ и набавка на најнеопходните возила за потребите на дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, како и за реализацијата на капиталните расходи за потреби на Министерството за надворешни работи и дипломатско-конзуларните претставништва во услови на антикризни мерки, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Министерството за финансии и потоа истата да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Комбинираниот единаесетти, дванаесетти, тринаесетти и четиринаесетти периодичен извештај на Република Северна Македонија по Меѓународната конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација, со предлог текст на Извештај и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати предлог текстот на Комбинираниот единаесетти, дванаесетти, тринаесетти и четиринаесетти периодичен извештај на Република Северна Македонија по Меѓународната конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да го достави Комбинираниот единаесетти, дванаесетти, тринаесетти и четиринаесетти периодичен извештај на Република Северна Македонија по Меѓународната конвенција за укинување на сите форми на расна дискриминација до генералниот секретар на ОН, најдоцна до 1 мај 2022 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за Преглед на статус на имплементација на Глобалниот компакт за миграција (ГКМ) во Република Северна Македонија, со Преглед и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Прегледот на статусот на имплементација на Глобалниот компакт за миграција (ГКМ) во Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да го достави новиот текст на Прегледот за статусот на имплементација на Глобалниот компакт за миграција (ГКМ) во Република Северна Македонија до генералниот секретар на ОН, најдоцна до 1 мај 2022 година.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на општи мерки за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, Митови против Република Македонија А.бр.53565/13 од 16 април 2015 година и Олури против Република Северна Македонија А.бр.3368/18 од 16 јануари 2020 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да формира работна група составена од претставници од Министерството за труд и социјална политика и Министерството за правда поради утврдување на потребата од изменување и дополнување на Законот за семејство во глава III. „Односи родители и деца“ и глава IV. „Вршење на родителското право“ и измени на Законот за парнична постапка, поради ефикасно извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ја разгледа можноста и потребата (вклучително и преку Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права) за обезбедување на странска експертска помош во процесот на изготвување на неопходните законски измени во Законот за семејство.

3. Се задолжува Министерството за правда да обезбеди препораките на Советот на Европа за измени во Законот за кривичната постапка да бидат разгледани од страна на работната група која во моментот работи на измените.

4. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за правда, во процесот на измените на Законот за семејство заеднички да пристапат кон имплементирање на препораките од Советот на Европа во контекст на измените на Законот за вонпарнична постапка и Законот за управните спорови, а притоа да ја имаат предвид Анализата од 2020 година.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Јовановски против Република Северна Македонија А.бр.30244/18, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст (во вкупен износ од 1.980 евра во денарска противвредност кои треба да бидат исплатени по Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Јовановски против Северна Македонија А.бр. 30244/18, најдоцна до 13 мај 2022 година).

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Милевски против Република Северна Македонија А.бр.53229/17, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст (во вкупен износ од 990 евра во денарска противвредност кои треба да бидат исплатени по Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Милевски против Северна Македонија А.бр.53229/17 најдоцна до 20 април 2022 година).

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Чали против Република Северна Македонија А.бр.2804/17, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст (во износ од 2.250 евра во денарска противвредност кои треба да бидат исплатени по одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Чали против Северна Македонија А.бр.2804/17, најдоцна до 13 мај 2022 година).

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за продажба на движни ствари-моторни возила сопственост на Министерство за правда, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за мерење на квалитет согласно Методологијата за оценка на индекс на квалитет на институциите, со предлог институции за 2022 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во првата половина на април 2022 година, да подготви и до Владата да достави предлог – одлука за започнување на процесот на оценка на квалитет.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во првата половина на април 2022 година, до Министерството за информатичко општество и администрација да достави номинација на членови за Комисијата за оценување, која ќе го спроведе оценувањето и ќе ги достави финалните наоди од мерењето на квалитетот и сумираните резултати до Владата до крајот на октомври 2022 година.

3. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за здравство - Државен здравствен и санитарен инспекторат, Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат, а им се укажува на Управниот суд на Република Северна Македонија, Правниот факултет „Јустинијан Први“- Скопје, Националната установа Музеј на Македонија – Скопје, Јавната установа Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје и Јавната установа Меѓуопштинскиот центар за социјални работи -Струмица, во првата половина на април 2022 година да номинираат одговорно лице кое ќе го координира процесот на пополнување на прашалникот за евалуација во рамките на својата институција, и да го доставаат пополнетиот прашалник до Министерството за информатичко општество и администрација до почеток на јули 2022 година.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во првата половина на април 2022 година, да го дистрибуира прашалникот за евалуација до Министерството за правда, Министерството за образование и наука, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за здравство - Државен здравствен и санитарен инспекторат, Министерство за информатичко општество и администрација - Државен управен инспекторат, Управниот суд на Република Северна Македонија, Правниот факултет „Јустинијан Први“- Скопје, Националната установа Музеј на Македонија - Скопје, Јавната установа Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје и Јавна установа Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Струмица.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом ,,Томе Стефановски - Сениќ“, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом ,,Томе Стефановски - Сениќ“, Скопје (исплата на плати), во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одложување на примена на новите методологии за распределба на блок дотации за основно и средно образование по општини во 2022 година и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за образование и наука, преку Проектната единица задолжена за реализација на Проектот за унапредување на основното образование, до јуни 2023 година, да изготви нова методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите, која ќе се базира на нова формула со ревидирани показатели.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за подготвениот Деветти извештај за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба, со нов текст на Деветти извештај, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика во рок од 15 дена, преку Министерството за надворешни работи да го достави Деветтиот извештај за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба, преведен на англиски јазик до генералниот секретар на Советот на Европа.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за имплементација на Работниот план за преглед на занимања 2018 – 2021 година и Работниот план за преглед на занимања 2022-2026 година и при тоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за имплементација на Работниот план за преглед на занимања 2018 – 2021 година.

2. Го усвои Работниот план за преглед на занимања 2022-2026 година.

3. Се задолжува Државниот завод за статистика и Министерството за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд, а се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Центарот за образование на возрасните и Центарот за стручно образование и обука, во 2022 година да ги доставaт податоците наведени во точката 3 од Работниот план за преглед на занимања 2022-2026 година до крајот на април за претходната година.

4. Се задолжува Министерството на труд и социјална политика во март 2023 година да ја извести Владата за текот на имплементацијата на Работниот план за преглед на занимања 2022 – 2026 година.

## Точка 27

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка (поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов) и притоа го утврди следново мислење:

Со Предлог-законот за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка, со членот 1 се бара изменување на постојниот член 46 и истиот да гласи:

„Член 46
(1) Договор за вработување може да се склучи на определено време за вршење на работи кои по својата природа траат определено време, со прекин или без прекин до шест месеци.
Работниот однос заснован со договор за вработување на определено време се трансформира во работен однос на неопределено време, ако работникот продолжи да работи по истекот од рокот од став (1) од овој член.
(2) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, договор за вработување на определено време за замена на привремено отсутен работник поради боледување, бременост, раѓање и родителство, може да се склучи до враќање на отсутниот работник. “
Со членот 2 се бара да се смени членот 47 став (1) со што зборот „осум“ треба да се замени со зборот „пет“.

Со членот 3 од Предлог-законот се бара да се смени членот 60 став (2), каде зборот „четири“ ќе се замени со зборот „два“.
Со членот 4 се бара измена на членот 109 во ставот 2, каде бројот „15“ се заменува со бројот „5“.
Со членот 5 во Предлог-законот се бара законите и општите колективни договори да се усогласат со измените во овој закон во рок од три месеци од неговото влегување во сила, а колективните договори на ниво на гранка, оддел и работодавач, во рок од три месеци од денот на потпишувањето на општите колективни договори.

Во однос на членот 1 кој се однесува на постојниот член 46 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), кој ги регулира договорите на определено време, се укажува дека во тек е подготовка на нов Предлог-закон за работните односи, во која членови на работната група се и претставници на синдикатите и претставници на здруженијата на работодавачи и во работната верзија на истиот веќе е постигната согласност за уредување на договорите на определено време на поповолен начин за работниците. Имено, во новиот текст на Предлог-законот значително е намален вкупниот период за ангажирање на работници на определено време кај ист работодавач Понатаму, во тој период, прекинот помеѓу два последователни договори кој е пократок од два месеци нема да се смета за прекин, а работодавачот ќе биде ограничен, во максималниот период на траење на договорите на определено време, со бројот на договори на определено време што може да ги склучи. Договорот кој ќе го склучи по надминувањето на бројот на договори или по надминувањето на периодот на траење на договорот на определено време ќе се зголеми сигурноста на работното место, ќе биде на неопределено време. Со ваквите новини кај договорите на определено време, ќе се постигне подобрување на положбата во која се наоѓаат овие работници.

Во однос на трансформирањето на договорот за вработување од определено на неопределено време, постојното законско решение ги опфаќа реалните состојби на пазарот на трудот и неговата трансформација може да биде од две години до најмногу пет години во зависност од видот на работата, основот за склучување на договорот на неопределено време, и во однос на тоа дали се работи за дејност од јавниот или од приватниот сектор. Според acquis законодавството институтот трансформација од договор на определено во договор на неопределено време е во маргини од три до пет години и во таа насока, целосно трансформирање ќе содржи новиот Предлог-закон за работните односи кој е во завршна фаза на подготовка.

Но, и постојното законско решение многу не отстапува од решението во acquis и се смета дека предлогот за трансформација после шест месеци е крајно отежнувачки за работодавачите, имајќи ја предвид суштината и генезата на договорот за вработување на определено време.

Во контекст на новиот текст на Предлог-законот за работните односи, се внесуваат новини и при регулирањето на сезонската работа, особено кај оние повторливи сезонски работи, кај работодавач кој претежно работи сезонски работи и има потреба од сезонски работници на редовна основа. За таа цел, со новото решение му се дава можност на работодавачот, преку уплаќање на придонеси и во периодот на меѓусезоната, овие работници да му бидат на располагање и за наредната сезона, а на сезонските работници, освен постојано социјално осигурување им се овозможува извесност во работењето. При уредувањето на овие одредби, од особено значење беше придонесот на синдикатите од секторите во коишто најмногу се организираат сезонски работници.

Во однос на предлогот од членот 3 со кој се бара измена на членот 60 став (2) и намалување на времетраењето на пробната работа се укажува дека со измените на Законот за работни односи, направени во 2018 година, веќе беше намалена пробната работа од шест месеци на актуелните четири месеци. Натамошното намалување на времетраењето на пробната работа се смета дека ќе доведе до губење на суштината на пробната работа, а тоа е работодавачот да има доволно време да утврди дали работникот може да ја работи работата за којашто е склучен договорот за вработување или не.

Во однос на членот 4 со кој се бара измена на членот 109 став 2, со кој исплатата на платата наместо на 15-ти во тековниот месецот да се исплаќа до 5-ти во тековниот месец за претходниот месец е несоодветно, поради тоа што во овој временски период не можат да се обезбедат и обработат од страна на работодавачот сите потребни акти кои го оправдуваат отсуството од работа за коешто работодавачот има обврска да исплати надоместок на плата. Во одредени дејности и постојниот рок до 15-ти во тековниот месец преставува голем предизвик за работодавачите благовремено да исплатат плата, а притоа да обезбедат потребната документација за исплатата на истата. Предложената измена дополнително ќе го усложни благовременото исплаќање на плата на приватните агенции за вработување, кои, како работодавачи на отстапените работници директно се зависни од правилните пресметки и благовременото доставување на потребната документација за исплата на плата или надоместок на плата од работодавачот корисник. Затоа, се смета дека предложеното законско решение би делувало крајно отежнувачки за работодавачите во повеќе области и би довело до проблеми со функционирањето на интегрираниот систем на исплата на плати и придонеси на плати.

Во однос на предложениот член 5 од Предлог-законот со кој се бара усогласување на општите колективни договори со предложените измени, а следствено на тоа и усогласување на пониските колективни договори и договорите за вработување со општите колективни договори, би следувале доколку се прифатат предложените измени.

Се истакнува дека сите предлози за изменување и дополнување на Законот за работните односи се разгледуваат со должно внимание и секој придонес во оваа насока е добредојден.

Врз основа на наведеното, а имајќи предвид дека Законот за работните односи го засега секој работник во државата и од таа причина одредбите што ја регулираат оваа област треба да се резултат на претходни анализи, како и консултации со претставниците на засегнатите страни, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлог-законот за изменување на Законот за работните односи, по скратена постапка (поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов).

## Точка 28

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 134 став (6), а во врска со ставовите (3), (4), (5) и (7) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), поднесено од пратеникот Миле Лефков и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 134 од Законот за работните односи се утврдува правото на неделен одмор на работникот и се определува неделата како ден на неделен одмор за сите, со наведување на исклучоците кај работодавачи во дејностите во кои природата на работниот процес е таква што не може да се прекине или мора да се одвива континуирано и каде ден на неделен одмор може да биде и друг ден во неделата.

Така, согласно овој член:

(1) Работникот има право на неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато, плус 12 часа дневен одмор од членот 133 на овој закон.
(2) Ден на неделен одмор е недела.
(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, за работниците кај работодавачите кај кои работниот процес е од таква природа што не може да се прекине поради техничко - технолошкиот процес и потребата од континуитет во работата, ден на неделен одмор може да биде друг ден во неделата и тоа во дејностите:
- одгледување на животни,
- мешовито фармерство,
- вадење на јаглен и лигнит,
- вадење на руди на метал,
- печатење и издавање на весници,
- производство на леб, слатки во свежа состојба и бисквити,
- производство на пиво, само во процесите поврзани со варење, квасна припрема и следење, ферментација, филтрација и енергетска поддршка на овие процеси,
- производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати,
- производство на плочи, листови, цевки и профили од пластични маси,
- производство на индустриски гас,
- производство на метали,
- аптеки,
- снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација,
- снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности на санација на околината,
- копнен, цевоводен, воден и воздухопловен транспорт,
- складирање и помошни дејности во превозот,
- објекти за сместување,
- дејности за подготовка на оброци и служење на храна,
- филмска дејност, дејности за видео и телевизиска програма,
- емитување на програма,
- телекомуникации,
- информативни услужни дејности (хостирање, обработка на податоци, интернет портали и слично),
- прикажување на филмови,
- фотографски дејности,
- ветеринарни дејности,
- изнајмување и давање под закуп (лизинг) на моторни возила,

- дејности на приватна заштита и услуги на заштита со помош на сигурносни системи,
- дејности на повикувачки центри,
- општи дејности на јавната управа, само за итни и неодложни работи поврзани со одржување на седници, инспекциски надзори, чување на шуми, а кои работи се од витално значење за државниот и јавниот интерес,
- работи на одбраната,
- судски и правосудни дејности,
- работи на јавниот ред и безбедноста,
- дејности на пожарникарската служба,
- дејности за здравствена заштита,
- дејности на социјалната заштита со сместување,
- креативни, уметнички и забавни дејности,
- дејности на музеите,
- дејности на зоолошки градини и природни резервати,
- спортски, забавни и рекреативни дејности,
- погребни и слични дејности,
- царинска служба на гранични премини,
- дејности кои имаат карактер на помошни или придружни дејности со цел непречено функционирање на дејностите од овој став, врз основа на склучен договор со работодавачот од дејностите од овој став и
- работни места од други дејности кои не се опфатени со овој став, а имаат карактер на помошни и придружни работи за непречено извршување на основната дејност на работодавачот.

(4) Работниците кај работодавачите од трговија на мало и трговија на големо, денот на неделен одмор од ставот (2) на овој член, го користат во согласност со Законот за трговија.

(5) Во случај на природна и друга несреќа или хаварија и спречување на последиците од нив или кога таква несреќа непосредно се очекува, на барање на работодавачот, работникот е должен да работи во недела заради заштита на животот и здравјето на луѓето и спречување на непоправлива материјална штета.

(6) Работникот од дејностите од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, покрај правото на додаток на плата за работа во недела, има право и на користење на неделен одмор во наредните седум дена. Додатокот на плата за работа во недела изнесува најмалку 50% за секој час поминат на работа, доколку со закон и колективен договор не е утврден повисок износ на додатокот.

(7) Во случаите од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, работодавачот е должен пред започнувањето на работата, да го извести Државниот инспекторат за труд.

При уредувањето на ставот (3) од овој член, со цел да се дефинираат дејностите кои ќе бидат исклучок од правилото „недела – ден на неделен одмор“, законодавецот тргнал од неопходноста определена дејност да биде исклучена од горенаведеното правило за неработење во недела.

Притоа, во ставот (6) од истиот член, го уредува надоместокот за работа во недела, кој се однесува на работникот од дејностите од ставовите (3), (4) и (5).

Согласно последното изменување и дополнување на членот 134, без разлика на кој начин е организирана работата, за работа во недела, следува додаток за работа во недела. Имајќи предвид дека законодавецот воспоставува општ ден за неделен одмор за сите и воведува додаток за работа во недела, покрај постоечкиот додаток за работа во ден на неделен одмор, јасен е ставот дека неделата како ден добива поинаков статус, односно значење.

Така, и кај оние работници, чијашто работа е организирана во смени, за часовите одработени во недела им се исплаќа додаток за работа во недела, заедно со додатокот за сменска работа, согласно закон и колективен договор.
Имајќи предвид дека организацијата на работата или пак на некои работни места кај работодавачот овозможува однапред да се знае кои работници или кои работни места ќе работат во недела, известувањето до Државниот инспекторат се доставува еднаш, како што и самиот став вели „... пред започнувањето на работата ...“, односно пред воспоставувањето на работата која понатаму континуирано ќе се одвива во недела. Известувањето до Државниот инспекторат за труд е потребно да се прави на образец пропишан со подзаконски акт.

Врз основа на наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 134 став (6), а во врска со ставовите (3), (4), (5) и (7) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21) е јасен и прецизен и поради тоа му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

## Точка 29

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 44 став (5) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), поднесено од градоначалникот на Општина Кочани и притоа го утврди следното мислење:

Локалната самоуправа како темелна вредност на уставниот поредок е уредена во Главата V од Уставот на Република Северна Македонија. Согласно членот 114, став (1) на граѓаните им се гарантира правото на локална самоуправа.

Согласно член 68, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите, како и член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.91/08, 119/10, 23/13 и 152/19), според кој барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија, Врховниот суд на Република Северна Македонија, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, народниот правобранител, градоначалниците на општините и на Градот Скопје и советите на општините и на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење.

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) како системски закон, го уредува остварувањето на правото на граѓаните на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината, ги уредува надлежностите на општината, непосредното учество на граѓаните во одлучувањето, организацијата и работата на органите на општината, општинската администрација, актите на органите, како и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Законот во членот 2, став (1), точка 4 утврдува дека под поимот „Процес на одлучување“ се подразбира збир на активности на советот кои се состојат од: дефинирање и определување на прашања кои треба да се решат, предлози и решенија, разгледување и донесување на прописи и мерки.

Согласно членот 41 од овој закон, советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статутот поинаку не е определено. Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината. На седницата на советот по правило, се гласа јавно. За секоја седница на советот се води записник.

Според членот 44 од Законот, членот на советот не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, дете или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес.

Членот на советот е должен да го информира советот за прашањата за кои тој има финансиски или друг личен интерес. Членот на советот, не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран. Со денот на вработувањето согласно со став (3) на овој член ќе се смета дека членот на советот поднел оставка.

Според ставот (5) од овој член, членот на советот вработен во јавните служби кои ги основала општината, не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен.

Согласно членот 62 став (2) од истиот Закон, советот на општината ги донесува прописите со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, доколку поинаку не е определено со овој или друг закон.

Имајќи ги предвид наведените одредби, јасно произлегува дека Советот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на Советот.

Мнозинство гласови кое е потребно за донесување на одлуките од страна на советот зависи од видот и природата на одлуката која ја донесува Советот, односно Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, освен ако со закон или со статут поинаку не е одредено. Дополнително, за донесување на прописи е потребно мнозинство гласови од вкупниот број членови на Совет.

При донесувањето на одлуките, бројот на гласови кои гласале за донесување на одлуката треба да се земе во соодност со бројот на присутните членови на Совет, како што е децидно уредено во членот 41 став 2 од Законот за локалната самоуправа, согласно кој Советот одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со закон и со статутот поинаку не е определено.

Во Законот не е дадена можност, членови на совет коишто не можат да учествуваат во процесот на одлучување за прашања за кои имаат конфликт на интереси, доколку се присутни на седницата да не се бројат во вкупниот број на присутни членови.

Советниците кои присуствуваат на седница (вклучително и овие кои немаат право на глас) го сочинуваат вкупниот број на присутни членови на Советот присутни на седница, при што одлуките коишто ги носи Советот се со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

При вака утврдена состојба во Советот, во мнозинство за работа на Советот се бројат сите присутни членови, меѓутоа одлуката се смета за донесена доколку гласале мнозинство од вкупниот број на присутни членови, а гласаат само оние присутни членови кои не се изземени од учеството во процесот на одлучување.

Со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) утврдена е должност за службеното лице веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување кога ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси (член 75).

Во врска со околностите по повод кои е поднесено горенаведеното барање, се упатува и на член 73 од истиот закон, согласно кој ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, тоа е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето. Органот или телото на чија седница службеното лице го соопштило постоењето на приватен интерес е должно тоа да го констатира и внесе во записник.

Имајќи го предвид наведеното, а со оглед дека одредбата од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) е јасна и недвосмислена, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го отфрли како неоправдано, односно да не даде автентично толкување на членот 44 став (5) од Законот за локалната самоуправа, поднесено од градоначалникот на Општина Кочани.

## Точка 30

Владата ја разгледа Иницијативата доставена од Народен правобранител на Република Северна Македонија за преземање мерки за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Северна Македонија, со внесување на одредба со која ќе се додели правото на користење на годишен регрес на вработените во јавниот сектор и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Со доставената Иницијатива, на Владата на Република Северна Македонија и се предлага да обезбеди изедначување на правата на вработените во приватниот и јавниот сектор, преку иницирање на постапка за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за јавниот сектор со што од Владата се бара да ја прифати Иницијативата на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија за дополнување на постојниот колективен договор со нова одредба, со која на сите вработени во јавниот сектор ќе им се овозможи користење на регрес за годишен одмор. Со направеното дополнување, ќе се воспостави еднаквост на слободите и правата на граѓаните, што е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со Законот за заштита и спречување на дискриминација.

Имајќи предвид дека работниот однос помеѓу работниците и работодавачите се уредува со Законот, колективниот договор и договорот за вработување. Законот за работните односи не содржи одредба која го уредува правото на регрес за годишен одмор.

Со колективните договори и договорот за вработување можат да се одредат права, кои за работниците се поповолни, отколку што определува Законот за работните односи.

Ова право на работниците е предвидено со Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството.

Општиот колективен договор за јавниот сектор не содржи одредба за правото на регрес за годишен одмор. Оттаму произлегува дека на вработените во јавниот сектор, во овој момент, не им следува исплата на ваков надоместок освен за оние вработени над кои се применуваат склучени гранкови колективни договори кои го уредуваат прашањето за регрес на годишен одмор.

Имајќи предвид дека ова прашање е предмет на колективно договарање, а истото не е уредено во Општиот колективен договор за јавниот сектор, исто така, имајќи го предвид и Барањето од страна на Сојузот на синдикати на Македонија, кон иницирање на средба со Сојузот на синдикатите на Македонија и Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, Владата на Република Северна Македонија, согледувајќи го наведениот проблем и со цел изедначување на работниците по однос на работничките права вклучително и регресот за годишен одмор од приватниот и јавниот сектор, ќе пристапи кон преговори за уредување на ова прашање преку Општиот колективен договор за јавниот сектор, за заедничко прифатливо решение.

**<u>Точка 31</u>**

1. Владата го именува Муамет Хоџа за портпарол на Владата на Република Северна Македонија, досегашен портпарол на Владата на Република Северна Македонија, и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата ја разреши Иринка Сотирова - Бухова, од должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство поради истек на мандатот.

3. Владата ја именува Иринка Сотирова – Бухова, досегашен директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство, за вршител на должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство, и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата им утврди престанок на мандатот на претставниците во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Република Северна Македонија и тоа на:

- претставниците од Еврејската заедница во Република Северна Македонија

  - Иван Николиќ,

  - Благоја Младеновски и

  - Васил Доганџиски

- претставниците определени од Владата на Република Северна Македонија

  - Гордана Ивановски,

  - Алберт Муслиу и

  - Томислав Османли

4.1. Владата за претставници во Управниот одбор на Фондот на холокаустот на Евреите од Република Северна Македонија ги определи:

- претставници од Еврејската заедница во Република Северна Македонија

  - Радојка Хелман - Денковска,

  - Иван Николиќ и

  - Сашо Босилков

- претставници определени од Владата на Република Северна Македонија

  - Јован Теговски и

  - Гордана Ивановска - Велковска

5. Владата го именува Ташко Којчинов за државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Гевгелија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата ја разреши Марија Ристевска од должноста член на Националната комисија за учебници, од редот на високообразовните и научни установи од областа на општествено – хуманистичките науки, на нејзино барање.

7. Владата ја именува Елена Митовска за член на Органот за надзор на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово.

8. Владата на Газменд Укали му утврди престанок на мандатот член на Управниот одбор на ЈЗУ Општа болница – Кичево, поради смрт.

8.1. Владата ја именува Ќамиле Асани за член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница – Кичево.

9. Владата го разреши д-р Менде Диневски од должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот по принцип на годишно ротирање на комориte.

9.1. Владата ја именува дипл. фарм. спец. Маја Ковачева, претставник од Фармацевтската комора за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

10. Владата ја именува Љубица Ѓорѓиоска за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.

11. Владата го избра Игор Вељаноски за член на Инспекцискиот совет од областа на пазар, работни односи и безбедност и здравје при работа, со мандат од четири години сметано од 13 август 2022 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата го избра Методија Димовски за член на Инспекцискиот совет од областа на животната средина и заштитата на здравјето на луѓето, со мандат од четири години сметано од 13 август 2022 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го избра Ресул Шемо за член на Инспекцискиот совет од областа на градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт, со мандат од четири години сметано од 13 август 2022 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

14. Владата го избра Благоја Гешоски за член на Инспекцискиот совет од областа управата, со мандат од четири години сметано од 13 август 2022 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го избра Ќерамедин Селими за член на Инспекцискиот совет од областа на образование, наука и култура, со мандат од четири години сметано од 17 јули 2022 година и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

16. Владата заклучи:

1) Се препорачува на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - П.О. Скопје, да ја разреши Јулиана Николова од должноста директор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - П.О. Скопје, на нејзино барање.

2) Се препорачува на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - П.О. Скопје, за вршител на дожноста директор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - П.О. Скопје да го именува Валентин Груевски.

## Точка 32

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 24 март 2022 година до 30 март 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за внатрешни работи, доставено под бр.13.1.2-34422/1 од 25.3.2022 година, во врска со Заклучокот за решавање на прашањето за влез, престој и исплата на штети на моторните возила со украински регистарски таблички во Република Северна Македонија, од Националното биро за осигурување-Скопје, како материјал за информирање.

**3.** Владата го разгледа Барањето од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија во врска со реализацијата на буџетските средства наменети за патни и дневни расходи (420) и други тековни расходи (426), а произлезени од заклучоците на Владата од Тринаесеттата седница, одржана на 20 октомври 2020 година и Седумдесет и втората седница, одржана на 25 мај 2021 година и го задолжи Министерството за финансии да оствари средба со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија со цел изнаоѓање решение на ова прашање.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии при подготовка на Ребалансот на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година да ги има предвид укажувањата изнесени во Барањето на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија.

**4.** Министерот за култура доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, ги информираше членовите на Владата во врска со Барањето на Национална установа Национална галерија на Република Северна Македонија-Скопје за времено отстапување/позајмување на уметничко дело од Сава Шумановиќ на Галерија Матице српске, Нови Сад за културниот настан „Нови Сад - Европска престолнина на културата за 2022 година“, при што Владата заклучи:

- Се задолжува Националната галерија на Република Северна Македонија - Скопје за следната седница на Владата да достави комплетна информација со податоци за вредноста на уметничкото дело, осигурување, како и начинот на транспорт, обезбедување и други релевантни податоци.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 26 март 2022 година до 1 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Во врска со проблемите со изградбата на Автопатот Кичево - Охрид, како и можноста од појавување на барања за оштета и предизвикување на дополнителни несакани финансиски импликации, Владата заклучи:

1) Се задолжуваат Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи (Одделение Охрид), Државно правобранителство на Република Северна Македонија (за подрачје на Охрид) и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во наредните 15 дена со највисок приоритет да постапат по сите предмети поврзани со изградбата на Автопатот Кичево – Охрид.

2) Се задолжува Министерството за култура и Националната комисија за УНЕСКО при давањето на мислење во однос на инфраструктурните проекти за паралелните/пристапните патишта да ја следат постојната физибилити студија и да го имаат предвид даденото мислење за автопатското решение.

3) Се задолжува ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ -П.О. Скопје да постапи по Барањето на Јавното претпријатие за државни патишта Скопје за сеча на шума во деловите каде што се решени имотно - правните работи, со цел обезбедување на услови за работа/изградба.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија, за период од 29 март 2022 година до 4 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**8.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 28 март 2022 година до 3 април 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**9.** Владата во врска со материјалите (програми за работа, финансиски планови, инвестициони програми и др.) разгледани на Дваесет и деветтата (тематска) седница на Владата, одржана на 15 март 2022 година, ги задолжи/им укажа на сите предлагачи на истите ВЕДНАШ да постапат по задолжението и најдоцна до 11 април 2022 година (понеделник) до Владата да достават усогласени материјали согласно задолжението за постапување и усогласување на истите со антикризните мерки.

**10.** Владата ја разгледа Информацијата за работењето на јавните претпријатија во државна сопственост, трговските друштва во државна сопственост и независните регулаторни тела - добивка, дивиденда и вишок приходи и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжуваат јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост, како и Централниот регистар на Република Северна Македонија да уплатат средства во вид на донација на наменска сметка на Владата поради справување и брза реакција на определени непредвидени состојби, во висина на приливите над одливите по подмирени трошоци за оперативно работење со состојба на 15.4.2022 година.

2) Се препорачува на регулаторните тела да уплатат средства во вид на донација на наменска сметка на Владата поради справување и брза реакција на определени непредвидени состојби, во висина на остварениот вишок на приходите над расходите од работењето во претходната (2021) година.

3) Се задолжуваат јавните претпријатија во државна сопственост, акционерските друштва во државна сопственост, агенциите и Централниот регистар на Република Северна Македонија, а се препорачува на регулаторните тела, во рок од 15 дена до Владата и до Министерството за финансии да достават податоци за:

- последна состојба на сметка,
- податоци за висината на нето плата на директорот и заменик - директорот
- податоци за вкупниот број на вработени со бруто и нето плата, групирани по работни места, согласно табеларниот преглед кој е во прилог и
- податоци за износот на просечна месечна нето плата во институцијата.

Исто така, податоците, да се достават и електронски на следните адреси за е-пошта:
- toni.stanojkov@finance.gov.mk
- jovana.stojanovska@finance.gov.mk .

**11.** Владата во однос на институциите кои не постапиле по заклучоците за антикризните мерки од Дваесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 март 2022 година, заклучи:

- се задолжуваат/им се укажува на институциите веднаш да постапат согласно антикризните мерки за рационализација на трошоците, односно да ги намалат расходите на стоки и услуги за 10% (не вклучувајќи ги расходите за електрична енергија согласно постојните договори со снабдувачите) и во најкраток можен рок до Министерството за финансии да достават соодветен предлог за рационализација на трошоците.

**Точка 33**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 34**

Владата ги разгледа Извештајот за работата на Советот за образование на возрасните за 2021 година и Годишниот план за работа на Советот за образование на возрасните за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 35**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја донесе Програмата за спроведување на Интервентен фонд за земјоделството, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за клучни достигнувања, заложби и координација во спроведувањето на Стратегија за Роми 2022 - 2030 година, ја усвои Информацијата и заклучи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, по добиените мислења од Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, како и мислењата од другите надлежни институции да подготви акциски план за реализирање на Стратегијата за Ромите 2022-2030 година, кој да се разгледа на тематска седница на Владата.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово за спроведување специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита на секундарно ниво од областа на градната хирургија, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Клиничка болница - Тетово за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на нуклеарната медицина, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Гевгелија за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на медицината на трудот, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Гевгелија за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на дерматовенерологијата, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Годишниот план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2022 година, со Предлог - годишен план, ја усвои Информацијата и го донесе Годишниот план за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2022 година, со заклучок материјалот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година (парична помош на општини за проценета штета), во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика и Вера Ристовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 48**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата доставена од политичката партија Достоинство поради потребата Министерството за одбрана да одржи координативен состанок со Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика со цел изнаоѓање на соодветно предлог – решение за конкретниот случај и истото да се достави на разгледување за втората наредна седница на Владата.

**Точка 49**

Владата ја донесе Програмата за инвестиционо одржување на резиденцијалните и репрезентативните објекти и службени простории на органите на државната управа во 2022 година, во предложениот текст.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:15 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Тахир Хани**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**